ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА

# Бакер Тили Јоанидис

## Извештај за транспарентност за 2025 година



# СОДРЖИНА

I. Опис на правната структура и сопственост на друштвото ........................................................ 3

II. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа ........................................................ 5

III. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија ........................................................ 5

IV. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем ........................................................ 5

V. Датум кога е извршена последна проверка за уверување на квалитетот на ревизорот ............ 7

VI. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година ...................... 7

VII. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени .... 9

VIII. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во текот на претходната година .... 9

IX. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци ... 9

X. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор ................. 10

Прилог бр.1 - Изјава за ефективноста на функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет согласно Законот за ревизија ........................................................ 11

Прилог бр.2 - Изјава за независно работење на Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје согласно Законот за ревизија ........................................................ 12

Прилог бр.3 - Изјава за политиката што ја следи Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје за континуирано професионално усовршување согласно Законот за ревизија ........................................................ 13

bakertilly
JOANIDIS

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

Согласно барањата на член 35 од Законот за ревизија на Република Северна Македонија (Службен Весник на Република Македонија бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.122/2021), Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел (во понатамошниот текст „Друштвото"), Скопје, го објавува овој Извештај за транспарентност и истиот не може да се употребува за други цели.

Извештајот за Транспарентност ги содржи информациите во врска со:

- опис на правната структура и сопственост на друштвото за ревизија
- опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
- опис на управувачката структура на друштвото за ревизија
- опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем
- датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20-а од Законот за ревизија
- список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година
- изјава за независно работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени
- изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во текот на претходната година за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година
- финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет во четири категории: услуги од ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги во уверување на квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги и
- информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

## I. Опис на правната структура и сопственост на друштвото

### *а) Основање и правна структура*

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје е основано како друштво со ограничена одговорност од едно лице, на 29 Јули 2014 година, во Централниот Регистар на Република Северна Македонија во Скопје, како резултат на промени во структурата на капиталот спроведени во друштвото за ревизија Бејкер Тили Македонија Доо Скопје.

На 26 декември 2016 година е извршена промена на називот на друштвото за ревизија Јоанидис Дооел Скопје во друштво за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје, како резултат на склучен Договор за Лиценца за трговска марка во врска со употреба на името и логото на Baker Tilly, со меѓународната асоцијација на независни ревизорски, сметководствени и консултантски фирми Baker Tilly International.

Друштвото е регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија, Регионална Регистрациона канцеларија во Скопје, согласно Законот за трговски друштва, со ЕМБС 6969747.

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел е заведено под регистарски број ДР031 во Регистарот на друштва за ревизија при Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

На 25 ноември 2014 година друштвото доби Лиценца за работа на друштво за ревизија под бр.07-400/1, со регистарски број на лиценца 27, издадена од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија. Согласно промените во називот на друштвото, цитирани во горниот пасус, Советот за унапредување и надзор на ревизијата во Република Северна Македонија, по доставено Барање од друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје, изврши промена на називот на друштвото во Лиценцата за работа на друштво за ревизија и издаде Лиценца за работа на друштво за ревизија заведена под бр.08-12/1, од 17 јануари 2017 година, со регистарски број на лиценца 27, издадена од страна на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

На 3 февруари 2015 година Друштвото за ревизија Јоанидис стана независен член на Baker Tilly International, по успешно спроведен мониторинг на квалитетот на работата на овластените ревизори во Друштвото за ревизија Јоанидис Дооел, од страна на одделот за контрола на квалитет на Baker Tilly International, Лондон Велика Британија. На 30 септември 2016 година Друштвото за ревизија Јоанидис склучи Договор за Лиценца за трговска марка во врска со употреба на името и логото на Baker Tilly со Baker Tilly International и изврши усогласување на правните акти на друштвото, со промена на називот во Друштво за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје.

На 31 декември 2025 година, во друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис вработени се единаесет (11) лица од кои сите со полно работно време, 3 овластени ревизори, 3 ревизори, 2 асистент ревизори, 2 овластени сметководители и 1 асистент сметководител.

*б) Сопственост/Структура на капиталот на друштвото*

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис е организирано како друштво со ограничена одговорност од едно лице, со основна главнина во износ од 5.000 Евра, во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за ревизија.

Согласно член 24 од Законот за ревизија, сопственоста/структурата на капиталот на друштвото 100% е во сопственост на еден од овластените ревизори Љубица Јоанидис. Управител на Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис е овластениот ревизор и содружник Љубица Јоанидис.

Приоритетна дејност на друштвото, согласно Тековната состојба од Централниот Регистар на Република Македонија, е 69.200 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Друштвото нема регистрирано подружници во земјата или странство, ниту пак има сопственост во други друштва во земјата или странство.

Годишното осигурување од законска одговорност на ревизорски куќи за причинети штети кои ќе ги предизвикаат на трети лица при вршење на ревизорската професија на Друштвото, согласно Законот за ревизија вклучува осигурена сума од 24.600.000 МКД или 400.000 ЕУР, без франшиза, за период од 1 октомври 2025 до 1 октомври 2026 година, преку полиса бр.13053000026536/0, издадена од Евроинс Осигурување АД Скопје.

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

## II. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа

Во текот на месец февруари 2015 година, по потпишување на Договорот за пристапување, Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел, стана полноправна членка на меѓународната асоцијација на независни ревизорски, сметководствени и консултантски фирми Baker Tilly International од Лондон, Велика Британија.

Baker Tilly International е рангирана на 8 место на скалата од топ 10 фирми во светот според International Accounting Bulletin (IAB) World Survey 2026 https://www.bakertilly.global/news/baker-tilly-international-rises-in-rankings-to-8th-largest-global-accounting-network кои овозможуваат ревизорски, сметководствени и консалтинг услуги и има мрежа од 50,443 вработени во фирми-членки на 147 територии во светот и годишен комбиниран приход на ниво на мрежа за 2025 година од US$6.8 милијарди, што претставува раст од 21,3% во однос на претходната година.

Дејности на членките на Baker Tilly International се услуги на ревизија на финансиски извештаи (согласно МСР), услуги за уверување во квалитет (СМРП, МСАП, МСАУ, МСПУ), корпоративни финансии, извештаи за длабинска анализа, консалтинг услуги, даночни советодавни услуги, процена, правни услуги, други неревизорски услуги и услуги од аспект на усовршување на системот на интерно-сметководствени контроли.

## III. Опис на управувачката структура на друштвото за ревизија

Управувачката структура на Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис е во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за ревизија, и истото е организирано како друштво со ограничена одговорност од едно лице, каде што со друштвото управува управител на друштвото - М-р Љубица Јоанидис, управител и овластен ревизор.

## IV. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем

Во согласност со барањата од Законот за ревизија, друштвото има усвоено Прирачник за осигурување на квалитет. Прирачникот е изготвен врз основа на насоките за политики за контрола на квалитет донесени од Baker Tilly International – Лондон, како и врз основа на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионалните сметководители на IFAC и националното законодавство.

Прирачникот за осигурување на квалитет е изготвен согласно барањата на:

- МСУК 1 – Меѓународниот стандард за управување со квалитет 1 и
- МСР 220 (ревидиран) – Управување со квалитет за ревизија на финансиски извештаи.

Меѓународниот стандард за управување со квалитет 1 (МСУК 1) се однесува на одговорностите на друштвото за дизајнирање, имплементирање и функционирање на систем за управување со квалитетот во друштвото за ревизии или проверки на финансиските извештаи или други ангажмани за уверување или поврзани услуги.

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

Системот на управување со квалитетот вклучува политики и процедури кои се однесуваат на:

- Процесот на проценка на ризикот на друштвото;
- Управување и раководење;
- Релевантни етички барања;
- Прифаќање и продолжување на односите со клиентите и специфични ангажмани;
- Извршување на ангажманот;
- Ресурси;
- Информации и комуникација и
- Процес на следење и санација.

Одговорен за системот на управување со квалитетот во друштвото е управителот на друштвото, кој е должен да обезбеди систем на управување со квалитет, преку воспоставување на политики и процедури кои се дизајнирани да промовираат интерна култура која се базира на признавањето дека квалитетот е суштински во извршувањето на ангажманите, на начин што ќе обезбеди разумно уверување дека друштвото и неговиот персонал се придржуваат кон професионалните стандарди и применливите законски и регулаторни барања, како и дека извештаите издадени од друштвото или партнерите се соодветни за дадените околности, чија потврда преточена во Изјава е приложена кон овој извештај (Прилог бр.1), преку која се потврдува дека системот на управување со квалитетот на друштвото функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, и дека издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

МСР 220 (ревидиран) се однесува на посебните одговорности на ревизорот во врска со управувањето со квалитет на ниво на ангажман за ревизија на финансиски извештаи, и поврзаните одговорности на партнерот за ревизија. Системот на управување со квалитетот вклучува политики и процедури кои се однесуваат на:

- Раководни одговорности за управување и постигнување на квалитет на ревизиите;
- Релевантните етички барања вклучувајќи ги и оние поврзани со независност;
- Прифаќање и продолжување на односите со клиентот и ангажманите за ревизија;
- Ресурси за ангажманот;
- Извршување на ангажманот;
- Надгледување и санација;
- Преземање севкупна одговорност за управување и постигнување квалитет и
- Документација.

Одговорен за квалитетот на работата на ревизорските тимови е овластениот ревизор – раководител на сектор ревизија, кој согласно барањата на Прирачникот за осигурување на квалитетот изготвува посебна програма за квалитетот на работата на ревизорските тимови и го известува управителот на друштвото за спроведување на ревизорските оперативни програми.

Врз основа на барањата на Законот за ревизија, Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис, доследно се придржува кон усвоениот Прирачникот за осигурување на квалитет, како на ниво на друштво, така и на ниво на поединечните ангажмани, со цел овозможување на поефикасно извршување на поставените задачи од страна на вработените.

Прирачникот за осигурување на квалитет на ревизорските ангажмани, вклучува релевантни етички барања, и тоа:

- Јавен интерес;
- Интегритет, објективност и независност;
- Доверливост;
- Усогласеност со етичките барања;
- Одговорност за прашањата за независност;
- Изјави за независност;
- Ротација на партнери;
- Зависност од бенефиции и
- Комуникација со клиенти.

## V. Датум кога е извршена последна проверка за уверување на квалитетот на ревизорот

Согласно член 20 од Законот за ревизија, друштвата за ревизија подлежат на систем за контрола на квалитет, заради усогласеност на работењето на ревизорите со процедурите на вршење на ревизија пропишани со Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионалните сметководители на IFAC и националното право.

Последните извршени проверки на контрола на квалитет, на денот на издавање на овој Извештај за транспарентност се:

- проверка на контрола на квалитет во месец август 2024 година за извршени ревизии на финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година, извршена од одделот за контрола на квалитет на Baker Tilly International од Лондон, Велика Британија и
- проверка на контрола на квалитет во месец февруари 2025 година за извршени ревизии на финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2023 година, извршена од страна на овластени лица на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

## VI. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис во текот на 2025 година има извршено законска ревизија на финансиските извештаи за 2024 година на следните друштва:

- Прва Живот АД Скопје
- Капитал Банка АД Скопје
- Супорт & Солушнс Центар Мк Дооел Скопје
- Индустри Бизнис Сервис Центар Дооел Скопје
- Њу Јоркер Македонија Дооел Скопје
- Аграголд Дооел Скопје
- Фриком Београд Дооел Чучер Сандево
- Кола Дооел Скопје
- ХСО Глобал Сервицес Дооел Скопје
- Тотал Плус Логистик Дооел Скопје
- Мејер & Мејер Транспорт Логистик Дооел Штип
- Еликсир Дистрибуција Дооел Скопје
- ФД Кредисимо Дооел Скопје
- Оса Бранко Дооел Скопје
- Струмица Експрес Доо Струмица

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис во текот на 2025 година има извршено законска ревизија на консолидираните финансиски извештаи за 2024 година на следните друштва:

- Кола Дооел Скопје

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис во текот на 2025 година има извршено договорна ревизија на финансиските извештаи за 2024 година на следните друштва:

- СОС Детско Село Северна Македонија
- Кола Логистика Дооел Скопје
- Буветекс Мк Дооел Скопје
- Флора Мк Дооел Скопје
- Генесис Биофарма Дооел Скопје
- АмЧам Северна Македонија
- Здружение на новинарите на Македонија

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис во текот на 2025 година има извршено дополнителни услуги за уверување во квалитет за 2024 година на следните друштва:

- Универзал Медиа Дооел Скопје
- Меккен Дооел Скопје

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис во текот на 2025 година има извршено договорни ревизии кај ентитети за имплементирани проекти финансирани од донатор кај следните субјекти:

- Прва Детска Амбасада во Светот - Меѓаши, проект "Развој на програма за мировно обрзаование"
- Центар за балканска соработка Лоја, проект „Втемелување на мултиетничката младинска работа во универзитетската наставна програма за идните наставници"
- Мировна акција, проект „Соочување со минатото"
- Олоф Палме Интернационал Центер, проект P101500
- Сиер Македонија, проект P101503
- Младински Културен Центар, проект P101504
- Нво Инфоцентар, проект P101505
- Фондација за дебата и едукација Идеа, проект P101506
- Здржение за заштита на работничките права Гласен Текстилец, проект P101507
- Центар на заедницата на Општина Струга, проект P112053
- Прогрес Институт за Социјална Демократија, проект P113063
- Здружение на новинарите на Македонија, проект „Заштита на слободата на изразување на медиумите како столбови на демократијата во Република Северна Македонија"
- Прва Детска Амбасада во Светот - Меѓаши, проект "Локална самоуправа за градови и заедници по мерка на децата"
- СОС Детско Село Северна Македонија, проект „Изградба на социјален центар"

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

## VII. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени

Врз основа на барањата од Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC, како и националното законодавство, Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис има воспоставено и применува Политика за независност.

Политиката е дизајнирана да обезбеди дека сите партнери и вработени во Друштвото постапуваат објективно и независно од сите клиенти и нивните поврзани субјекти. Во таа насока, Друштвото користи валидирани ревизорски алатки, методологија и интерни процедури развиени од Baker Tilly International, Лондон, Велика Британија, со што се гарантира висок квалитет при извршувањето на сите ревизорски ангажмани и поставени задачи.

Професионалци од Службата за контрола на квалитет при Baker Tilly International во Лондон, спроведуваат редовна ревизија и оценка на усвоените и применуваните интерни процедури за управување со квалитетот, како на ниво на друштвото, така и на ниво на поединечните ангажмани.

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис, преку својот законски застапник и управител, Љубица Јоанидис, потврдува дека воспоставениот систем на интерна контрола, како и процедурите за проверка и следење на усогласеноста со принципите на независност, целосно ги исполнуваат барањата на меѓународните и националните стандарди за квалитет. Друштвото доследно ги применува овие политики и практики со цел обезбедување висок и континуиран квалитет на извршените ревизорски ангажмани. (Прилог бр.2).

## VIII. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија во текот на претходната година

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис, преку својот законски застапник и управител, Љубица Јоанидис, потврдува дека воспоставениот систем на политики и процедури насочени кон унапредување на квалитетот на едукацијата на кадарот, а со цел обезбедување повисок квалитет на извршените ревизорски ангажмани, во целост ги задоволува барањата на меѓународните и националните стандарди за квалитет. Друштвото овие политики и процедури ги применува доследно и континуирано ги унапредува секоја година (Прилог бр. 3).

## IX. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци

Список на услуги кои Друштвото ги нуди на пазарот:

- Ревизија на финансиски извештаи и консолидирани финансиски извештаи (МСР)
- Дополнителни услуги за уверување во квалитет (СМРП, МСАП, МСАУ, МСДУ)
- Даночни и советодавни услуги и
- Други неревизорски услуги

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

Финансиска информација за вкупниот приход остварен од страна на Друштвото Бакер Тили Јоанидис од услуги од ревизијата и други надоместоци следи во прилог:

| ВИД НА ПРИХОД ЗА 2025 ГОДИНА | МКД | % |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 9,556,500 | 38% |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (СМРП, МСАП, МСАУ, МСПУ) | 1,586,547 | 6% |
| Даночни советодавни услуги | 14,001,500 | 56% |
| Други неревизорски услуги | 9,013 | 0% |
| **ВКУПНО** | **25,153,560** | **100%** |

| ВИД НА ПРИХОД ЗА 2024 ГОДИНА | МКД | % |
|---|---|---|
| Услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки (согласно МСР) | 7,492,120 | 37% |
| Дополнителни услуги за уверување во квалитет (СМРП, МСАП, МСАУ, МСПУ) | 2,627,480 | 13% |
| Даночни советодавни услуги | 10,174,251 | 50% |
| Други неревизорски услуги | 3,072 | 0% |
| **ВКУПНО** | **20,296,923** | **100%** |

## X. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Хонорарите на овластените ревизори во Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис се утврдуваат како бруто плата за целата календарска година, согласно договорот за вработување. Висината на надоместокот зависи од позицијата во друштвото, степенот на одговорност и доверените задачи, професионалното искуство, работниот стаж и нивото на ангажираност.

Извештајот е објавен на web страната на Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел, Скопје (www.bakertilly.mk).

*Друштво за ревизија Бакер Тили Јоанидис*
*преку лицето овластено за застапување – **Љубица Јоанидис***

*Скопје, 31 март 2026 година*

Друштво за ревизија БАКЕР ТИЛИ ЈОАНИДИС ДООЕЛ Скопје

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

bakertilly
JOANIDIS

# ПРИЛОГ БР. 1

**ПРЕДМЕТ**: *Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет согласно Законот за ревизија*

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје, преку овластеното лице за застапување, управителот Љубица Јоанидис, изјавува дека внатрешниот систем на контрола на квалитет функционира на начин што обезбедува разумна сигурност дека друштвото и ангажираниот персонал се усогласени со професионалните стандарди, регулаторните и законските барања, а издадените ревизорски извештаи се соодветни на дадените околности.

*Друштво за ревизија Бакер Тили Јоанидис*
*преку лицето овластено за застапување –* ***Љубица Јоанидис***

Друштво за ревизија
БАКЕР ТИЛИ
ЈОАНИДИС
ДООЕЛ Скопје

*Скопје, 31 март 2026 година*

## ПРИЛОГ БР. 2

**ПРЕДМЕТ**: *Изјава за независно работење на Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје согласно Законот за ревизија*

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје, преку овластеното лице за застапување, управителот Љубица Јоанидис, изјавува дека при извршувањето на ревизорските ангажмани, друштвото, овластените ревизори и другите вработени лица кои учествуваат во ревизорските активности го одржувале и обезбедиле принципот на независност, согласно Законот за ревизија, професионалните стандарди и внатрешните политики и процедури.

Во рамки на друштвото се воспоставени и спроведуваат политики и мерки кои обезбедуваат:

- независност од клиентите и корисниците на ревизорските услуги,
- избегнување на конфликт на интереси,
- спречување на каков било финансиски, деловен или личен интерес што би можел да ја загрози независноста и
- редовно потврдување на независноста од страна на сите вработени вклучени во ревизорски ангажмани.

Врз основа на редовните интерни проверки и дадените писмени изјави од персоналот, потврдувам дека не се утврдени околности што би ја нарушиле или довеле во прашање независноста на друштвото или неговиот ревизорски тим.

*Друштво за ревизија Бакер Тили Јоанидис*
*преку лицето овластено за застапување –* ***Љубица Јоанидис***

Друштво за ревизија БАКЕР ТИЛИ ЈОАНИДИС ДООЕЛ Скопје

*Скопје, 31 март 2026 година*

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

## ПРИЛОГ БР. 3

**ПРЕДМЕТ**: *Изјава за политиката што ја следи Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје за континуирано професионално усовршување согласно Законот за ревизија*

Друштвото за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје, преку овластеното лице за застапување, управителот Љубица Јоанидис, изјавува дека применетиот систем на политики и процедури над континуираното професионално усовршување на овластените ревизори и останатиот стручен кадар претставува основен принцип во извршувањето на ревизорската дејност, и е во функција на зголемување на квалитетот на едукација на кадарот. Истото се остварува преку посетување на часови за континуирано професионално усовршување, со што се обезбедува зголемување на квалитетот на извршените ревизии и во целост се задоволуваат меѓународните и домашните стандарди за квалитет.

Во согласност со важечките одредби на Законот за ревизија на Република Северна Македонија, Друштвото обезбедува непрекинато унапредување на знаењата, компетенциите и професионалниот интегритет на сите лица вклучени во ревизорски ангажмани. Овластените ревизори и останатиот стручен кадар имаат обврска редовно да учествуваат во активности за стручно усовршување и да го одржуваат нивото на компетентност потребно за квалитетно и усогласено спроведување на ревизијата.

Во функција на унапредување на квалитетот на ревизорските постапки, Друштвото има развиено политики на:

- континуирана едукација на овластените ревизори во рамките на Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија, едукација на овластени ревизори во рамките на Институтот на овластени сметководители на Англија и Велс, како и континуирана едукација на овластените ревизори и персоналот преку обуки организирани од страна на Baker Tilly International;
- перманентна едукација на персоналот преку присуство на семинари во организација на лиценцирани консултантски куќи од Македонија, интерни семинари во рамките на друштвото, набавка на стручна литература – ACCA, како и финансиска поддршка при едукација во областа на информатичките технологии; и
- присуство на конгреси и семинари во организација на Baker Tilly International.

Со давањето на оваа изјава, Друштвото ја потврдува својата целосна посветеност на исполнување на законските барања и на одржување високи професионални стандарди во работењето.

*Друштво за ревизија Бакер Тили Јоанидис*
*преку лицето овластено за застапување* – ***Љубица Јоанидис***

Друштво за ревизија БАКЕР ТИЛИ ЈОАНИДИС ДООЕЛ Скопје

*Скопје, 31 март 2026 година*

Baker Tilly Joanidis trading as Baker Tilly Joanidis is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.